**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ТРАНСАКЦИСКИ СМЕТКИ**
**ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА - НЕРЕЗИДЕНТИ**

**1. Поими и дефиниции**

**Имател на сметка** е физичко лице нерезидент кое со Банката ќе склучи договор за денарска или девизна трансакциска сметка.
**Овластено лице** е лице кое имателот на сметката писмено ќе го овласти за располагање со средствата на сметката.
**Застапник** е законски застапник или старател кој во рамките на законското овластување или овластувањето дадено со одлука на надлежен орган го застапува имателот на трансакциската сметка, кој има ограничена деловна способност или е деловнонеспособен.
**Денарска трансакциска сметка** претставува единствен и неповторлив нумерички податок кој служи за идентификација на учесникот во платниот промет имател на сметка, преку која истиот врши плаќања, и тоа уплата на готови пари на трансакциска сметка, пренос на средства од една трансакциска на друга трансакциска сметка и исплата на готови пари од трансакциска сметка.
**Девизна трансакциска сметка** е тековната сметка во странски валути преку која се вршат наплати иплаќања помеѓу резиденти и нерезиденти, преноси на средства, како и уплати и исплати во ефективни странски пари, во согласност со Законот за девизно работење, подзаконските акти кои го регулираат девизното работење и другите позитивни законски прописи.
**Налог за плаќање** е налог, овластување или барање на имателот на сметката за Банката, на товар на таа сметка да изврши пренос на паричните средства во корист на друга сметка или во корист на сметка на Банката и во корист на примачот на плаќањето или од сметката да исплати готовина. Налогот мора да ги содржи сите законски пропишани елементи, без оглед на неговата форма и начинот на доставување на Банката.
**Прием на налогот**: значи доставување, односно предавање на налогот на Банката од страна на имателот на сметката на договорен начин.
**Прифаќање на налогот**: значи констатирање на условите за извршување на налогот. Банката го прима налогот ако налогот е правилно пополнет, ги содржи сите податоци што се бараат според законот, ако за него е обезбедено покритие и ако кон него е приложена пропишана документација. Ако тие услови не се исполнети, Банката го одбива налогот најдоцна следниот работен ден по датумот кој имателот на сметката го определил за датум на извршување.
**Покритие на сметката -** е позитивната состојба на средствата на трансакциската девизна и денарска сметка.
**Наплата** е пристигнат прилив, врз основа на кој се врши одобрување средства во корист на девизна трансакциска сметка на клиент, физичко лице нерезидент, во согласност со Законот за девизно работење, подзаконските акти кои го регулираат девизното работење.
**Известие за пристигната наплата** е известие за пристигнат прилив кој Банката го доставува до корисникот на наплатата – имател на сметка, најдоцна наредниот ден од денот на приемот на известувањето за одобрување на средства во корист на тековната сметка на Банката во странство или во друга банка во земјата.
**Датум на валута на плаќања/ наплати:** е датум со кој Банката обезбедува покритие за налогот на сметката на банката примач на плаќањето или банката посредник на плаќањето/ датум на кој се одобрени средства во корист на тековна сметка на банката во странство или во друга банка во земјата.
**Конечност на плаќање -** е момент кога примачот на средствата може да располага со нив.

**2. Предмет**
1. Со овие Општи услови ТТК Банка АД Скопје ги определува условите за отворање, водење и затворање денарски и девизни трансакциски сметки на физички лица нерезиденти, роковите, поврзани со извршувањето на налозите, определувањето на каматата на средствата на сметките, надоместоците и трошоците во врска со вршењето на услугите, начините и роковите за известување на имателите , рекламациите и важноста на Општите услови.
2. Составен дел од овие Општи услови се:
- извадок од важечката Одлука за тарифата за надоместоците на услугите што ги врши ТТК Банка АД Скопје кој се однесува на работењето, коешто е предмет на овие општи услови;
- извадок од важечката Одлука за каматни стапки на ТТК Банка АД Скопје кој се однесува на работењето коешто е предмет на овие Општи услови;
- Термински планови за вршење платен промет со странство и платен промет во земјата.

**3. ОТВОРАЊЕ ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА И ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕ СО СМЕТКА**
1. Правниот однос помеѓу Банката и имателот на сметката настанува со денот на потпишувањето на договорот за трансакциска сметка. Составен дел на договорот за сметка се овие Општи услови и другата документација потребна за отворање сметка. Еден примерок од овие Општи услови Банката му предава на имателот на сметката пред, односно при склучувањето на договорот.
2. Банката на нерезидент физичко лице му отвора трансакциска сметка врз основа на:
- поднесено барање за отворање сметка , кое ќе го поднесе деловно способно физичко лице нерезидент, односно законскиот застапник на лице кое нема целосна деловна способност; или врз основа на писмено овластување заверено кај овластено лице (нотар) во случаите определени со позитивните законски и подзаконски акти;
- приложена документација за идентификација на клиент - имателот на сметката и лицата овластени за располагање со средствата на сметката во согласност со прописите, вклучувајќи ги прописите од областа на спречување на перење пари;
- приложени податоци и друга потребна документација во согласност со важечките прописи и интерните акти на Банката.

Документацијата потребна за отворање на сметка треба да биде презентирана во оригинал, при што Банката задолжително задржува фотокопија од презентираната документација.
3. Банката веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден по приемот на барањето за отворање на сметка и целосно комплетираната документација, склучува договор за трансакциска сметка и ја отвора сметката или, пак, го одбива барањето. Имателот може да почне да работи преку сметката веднаш, а најдоцна првиот работен ден по склучувањето на договорот.
Банката го задржува правото да го одбие барањето за отварање на сметката без притоа да ја наведе причината за одбивањето на барањето за отворање сметка.
4. Банката може да отвори повеќе денарски и девизни трансакциски сметки на нерезидент физичко лице.
5. При отворањето сметка на странско физичко лице, банката е должна да го информира лицето за третманот на резидент во согласност со регулативата во Република Македонија за странските физички лица кои во Република Македонија престојуваат привремено со работна виза или виза за престој подолг од шест месеци.
Пред да му отвори резидентна сметка на физичкото лице, истото потпишува писмена изјава дека е запознаен со позитивните прописи во земјата, по што истиот се идентификувал како нерезидент, односно резидент. Изјавата се приложува кон другата документација за отварање сметка.

6. Банката не смее на физичко лице кое има статус на нерезидент и има отворено денарска и/или девизна сметка во исто време да му отвори и/или води девизна и/или денарска сметка со статус на резидент. При промена на статусот од нерезидент во резидент, Банката е должна да изврши еднократен пренос на средствата од нерезидентната девизна и/или денарска сметка на неговата девизна и/или денарска сметка како резидент и да ја затвори нерезидентната девизна и/или денарска сметка.
7. Иметелот на сметката може изречно и писмено да овласти трети лица.
8. Овластувањето не може да се пренесува на други лица и не може да се однесува на затворање на сметката. Овластеното лице не може да поднесе барање за издавање платежна картичка.
9. Лицата овластени за располагање со средствата на сметката кај Банката мора да го депонираат својот потпис. Потписите доставени до Банката важат сè до писменото отповикување на овластувањето за располагање со средствата, односно службено известување за смрт на лицето
10. Застапникот кој во рамките на законското овластување или овластувањето дадено со одлука на надлежен орган го застапува иметелот на сметката, кој е ограничено деловноспособен или не е деловноспособен, не може за располагање со сметката да овласти трети лица.
11. Повлекување или измена на даденото овластување за располагање со средствата се врши само врз основа на писмено барање на иметелот на сметката.

**4. АЖУРИРАЊЕ ПОДАТОЦИ**

1. Иметелот на сметката мора навремено да ја известува Банката за сите промени на своите лични и други податоци на овластените лица и други податоци кои се однесуваат на водењето на сметката и се наведени во барањето за отворање сметка.
2. Банката е должна навремено да ги ажурира сите пријавени промени од претходниот став.
3. Банката врши ажурирање на документацијата за идентификација на нерезидентот пред истекувањето на
рокот на важност на патната исправа.
4. Банката ***ќе ја блокира*** сметката на нерезидентот физичко лице доколку нерезидентот физичко лице не обезбеди важечка документација за идентификација потребна за ажурирање на **податоците** (веднаш по истекувањето на рокот на важност на патната исправа врз основа на важечка патна исправа), како и врз основа на одлуки на суд или друг надлежен орган , кои се донесени врз основа на закон.
Банката нема да врши никакви плаќања со средствата на сметките по нивното блокирање, сè до ажурирање на потребната документација во согласност со позитивните законски акти
5. Иметелот на сметката се согласува и дозволува Банката во секое време самата да може да обезбеди податоци кои се однесуваат на водењето на сметката и се наведени во барањето за отворање сметка.

**5. ИЗВРШУВАЊЕ ПЛАТНИ ИНСТРУМЕНТИ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВА**

**5.1. Извршување платни инструменти и располагање со средства од девизна трансакциска сметка**

1. Преку девизната трансакциска сметка ќе се вршат сите плаќања и обработки на приливи, преноси на средства од/на девизен влог, од/на девизен депозит; готовински уплати и исплати и други трансакции во согласност со прописи.
2. Наплатите и плаќањата во платниот промет со странство се вршат со примена на вообичаените инструменти на меѓународниот платен промет (дознака, инкасо документи, акредитив, чекови и други инструменти на безготовинско лаќање), како и со ефективни странски пари.
3. Обработка на наплати, плаќања и вложување и повлекување ефектива на физички лица нерезиденти, Банката врши со примена на обрасци пропишани од НБРМ. Обработката на обрасците ја врши Банката во име на клиенти физички лица.
4. За секоја пристигната наплата - девизен прилив, Банката го известува корисникот на наплатата – имател на сметка нерезидент физичко лице, истиот или најдоцна наредниот ден. Обработката на наплати во корист на иматели на девизни трансакциски сметки на физички лица нерезиденти, Банката ја врши со примена на принцип на директна наплата – со директно одбрување на сметката.
5. Обработката на уплати на ефективни странски пари во корист на иматели на девизни трансакциски сметки на физички лица нерезиденти се врши со примена на пропишаните обрасци од НБРМ. При обработка на **Уплатата во ефективни странски пари во износи** поголеми од 9.999,00 евра, клиентот приложува и писмена потврда за внесени ефективни странски пари издадена од Царинска управа на РМ. Издадената писмена потврда треба да гласи на лице кое е овластено за располагање со средствата на сметката и може да се употреби, повеќе пати во рок од пет работни дена. Издадената царинска потврда важи 5 (пет) работни дена од датумот на нејзиното издавање, за цел на уплата на ефективни странски пари на нерезидентна сметка. За готовински уплати во ефективни странски пари до 9.999,00 ЕУР во текот на еден месец, клиентот нема обврска да приложува потврда за внесени ефективни странски пари издадена од Царинска управа на РМ.
6.Банката може да обработува уплати во ефективни странски пари и доколку истите потекнуваат од непотрошени ефективни странски пари претходно повлечени од сметката на нерезидентот физичко лице, во период од три месеци од денот на повлекувањето.
7.Обработката на плаќањата и наплатите се извршува во согласност **со терминскиот план за работење** утврден од Банката.
8. На барање на иметелот Банката ќе изврши откуп на средствата од неговата девизна трансакциска сметка и ќе исплати денарска противвредност од извршениот откуп.

**5.2. Извршување платни инструменти и располагање со средства од денарска трансакциска сметка**

1. Преку денарската трансакциска сметка може да се вршат сите плаќања и обработки на приливи, преноси на средства од/на денарски влог, од/на денарски депозит; готовински уплати и исплати и други трансакции во согласност со прописи.
2. Банката се обврзува дека преку трансакциската сметка за иметелот на сметката ќе прима уплати и ќе врши исплати во рамки на покритието на сметката, односно во граници на средствата на сметката.
3. Наплатите и плаќањата во денари се вршат во согласност со прописите кои ја регулираат оваа област и со паралелна примена на обрасците од денарски ПП и обрасците пропишани од НБРМ за платен промет со странство.
4. Иметелот преку трансакциската сметка може да врши платен промет во земјата со воспоставување платни инструменти за готовински и безготовински плаќања.
5. Банката не извршува плаќање по платен инструмент од блокирана сметка.
6. Платните инструменти се извршуваат во согласност **со терминскиот план за работење** утврден од Банката.
7. При доставување на платните инструменти, иметелот има можност доставувањето да го врши на сите приемни места за платни инструменти во Банката.
8. Иметелот има можност плаќањата на другите учесници во платниот промет чии трансакциски сметки се кај другите носители на платниот промет да ги извршува:
- преку системот на Клириншката куќа, доколку износот не е поголем од 1.000.000,00 денари и во кој плаќањата се сметаат за конечни по извршеното пребивање во согласност со терминскиот план за работа пропишан од Клириншката куќа и
- во реално време преку системот за порамнување на НБРМ т.н. МИПС доколку плаќањата се поголеми од 1.000.000,00 денари или помали од 1.000.000,00 денари, но имаат третман на ургентни плаќања, при што Банката ги извршува промптно. Висината на износот на мало меѓубанкарско плаќање го утврдува НБРМ и е променлива.

9. Иметелот е должен да го најави подигнувањето на потребниот поголем износ на готовина од трансакциската сметка еден ден порано.

**5.3. Налози за плаќање**
1. Налозите (барања) кои имателот на сметката и ги доставува на Банката мора да ги содржат сите пропишани елементи во согласност со прописите. Налогот може да биде доставен во писмена хартиена форма или на друг начин во согласност со договорените услови со клиентот. Банката го прифаќа налогот за плаќање кога се исполнети следниве услови:
- Ако налогот е потпишан од овластени лица и ги содржи сите потребни инструкции и податоци за плаќање;
- Ако налогот е пропратен со сите документи пропишани со законските и подзаконските акти и интерни акти на Банката;
- Ако е обезбедено покритие на сметка на имателот на сметката кај Банката за извршување на налогот за плаќање и плаќање на надоместоци и трошоци на Банката.

2. Имателот на сметката е одговорен за точноста и за потполноста на податоците во налогот. Налозите кои не ги исполнуваат условите за прием Банката ги одбива и најдоцна следниот работен ден ги враќа и за тоа писмено (или електронски со е-маил известување или СМС порака, во зависност од договорениот начин на известување) го известува имателот на сметката.
Банката ќе смета дека имателот е уредно писмено известен доколку писменото известување е испратено на последната пријавена адреса, која Банката ја има во својата евиденција, или е доставено на друг договорен начин.

**5.4.** Банката е овластена да врши плаќања, како и да го ограничи располагањето со средствата на сметките, **без налог и дополнителна согласност** на имателот на сметката само во следните случаи:
- Заради плаќање по основ на судски одлуки, налози за извршување од надлежен извршител во согласност со Законот за извршување, решенија за присилна наплата на други надлежни органи или во друг случаи предвидени со задолжителни прописи;
- Врз основа на одлука на суд или друг надлежен орган, а во согласност со важечките прописи (при блокирање на сметката во случај на обезбедување, привремени мерки итн.);
- Врз основа на посебни договори, договорни овластувања, писмено овластување од имателот на сметката и во други случаи предвидени со законите и со другите прописи.

**6. Дополнителни и други услуги**
Услуги кои имателот може да ги користи се: електронско банкарство, сервиси за електронско известување преку мобилен телефон (СМС) или е-маил и др. Банката на имателот на сметката му овозможува и дополнителни услуги, поврзани со девизната и денарската трансакциска сметка, за што Банката и имателот на сметката се договараат со посебен договор.

**7. Рекламации**
Имателот е должен да ја информира Банката за сите евентуални рекламации во врска со спроведените трансакции преку сметката, врз основа на податоците за состојбата и прометот на трансакциската сметка, со доставување потврда од реализиран платен инструмент, извод за трансакциската сметка или друг документ од кој може да се види податокот за рекламацијата, во утврдениот рок.

**8. Известување**
1. Имателот на сметката мора најдоцна во рок од 3 дена да ја извести Банката за сите промени во врска со правниот статус, за промените на личните и други податоци на овластените лица и други податоци кои се однесуваат на водењето на сметката и се наведени во барањето за отворање сметка. Банката не одговара за штетата настаната поради непочитувањето на обврските во врска со известувањето за промените.
2. Банката го известува имателот на сметката ***за промените на состојбата на сметкат*** преку извод од состојба и промет на сметка, кој го издава на начин (каналите на достава се по избор на клиентот: на шалтерите на Банката, преку пристап во електронско банкарство, преку е-маил и/или СМС пораки) и во согласност со договорот отворање сметка или со друг посебен договор.
3. Доколку имателот на сметката не го оспори изводот во рок од 15 дена по приемот, се смета дека го одобрил.
4. Банката да го известува имателот и ***за сите промени во условите на работењето со сметката,*** најмалку на еден од следните начини: преку истакнување на промените на официјалниот интернет-портал на Банката, преку изводот од сметката, преку известување стигнато по е-маил, преку известување стигнато со СМС порака/и, преку истакнување на промените на јавно место во филијалите и експозитурите и преку класична пошта. Информацијата ќе биде достапна во рок од 5 дена од настанување на промената.
5. Доколку имателот во рок од 15 дена од моментот во кој известувањето за промената му станало достапно, односно во рок од 30 дена по завршување на месецот во кој е извршена промената на условите во работењето, односно промената во содржината на договорот, не поднесе барање за раскинување на договорот, се смета дека имателот се согласува со новите промени и дека ги прифаќа во целост.

**9. КАМАТИ, ПРОВИЗИИ, ТРОШОЦИ И ДРУГИ ПОБАРУВАЊА**
1. Позитивната состојба на трансакциската сметка ќе се смета за паричен депозит по видување во Банката која ја води сметката.
2. Банката пресметува камата на средствата на сметката во роковите, на начин и според каматна стапка кои се определени со важечката Одлука за каматни стапки на ТТК банка АД Скопје. Банката пресметаната камата ја запишува на крајот на пресметковниот период и при затворањето на сметката.
3.Банката пресметува и исплатува камата во иста валута на која гласат средства (денарски и девизни) на сметката. Пресметаната пасивна камата Банката ја плаќа со одобрување на сметката. Пресметката на каматата на средствата по видување на денот на потпишување на договорот е декурзивна, со месечна пресметка и исплата.
4. Банката има право на имателот на сметката да му пресмета и да му наплати надоместоци и фактички трошоци за вршење на услугите според важечката тарифа за надоместоци за услугите што ги врши Банката објавени на вообичаен начин, и за тоа имателот на сметката го известува со изводи и на друг договорен или определен начин.
5.Имателот се обврзува за извршување на услугите да и плаќа на Банката надомест во висина, во рокови и на начин во согласност со тарифата за надоместоци на услугите што ги врши Банката.
6.Доколку достасаните побарувања по основ на надоместоците и трошоците се наплатуваат од средствата на девизната трансакциска сметка, се применува куповниот курс на Банката на денот на порамнување на обврските.
7. Имателот ја овластува Банката и и дава неотповиклив налог да ги наплатува достасаните побарувања по основ на надоместоците и трошоците од работењето со трансакциската сметка на товар на средствата на трансакциската сметка, како и на товар на средствата и на другите негови сметки отворени во Банката, за кое го известува со изводи или на друг договорен или определен начин.

**10. ЗАТВОРАЊЕ СМЕТКА**
1.Имателот на сметката може да го раскине договорот со поднесување писмено барање. Договорот може да се раскине со заемна согласност на двете договорни страни, со отказен рок од **15 дена**. Имателот не може да го раскине договорот во предвидениот отказен рок доколку на сметката има евидентирано достасани, а неподмирени обврски кон Банката.
2.Банката ќе ја затвори сметката и без писмено барање на имателот во случаи предвидени со законските и подзаконските акти (врз основа на судско решение или одлуки на други државни органи).

3.Банката може да го раскине договорот без отказен рок ако утврди дека имателот се однесува спротивно на одредбите од овој договор, општите услови и важечките прописи.
4.Банката ќе ја затвори и укине сметката која нема салдо и промени во последните 2 години и не е блокирана.
5.Во случај на раскинување на договорот, Банката ќе ги пренесе средствата од сметката на имателот на друга сметка врз основа на инструкции од имателот или во согласност со одлука од суд и друг надлежен државен орган или институција.
6. Договорот престанува да важи со денот на затворање на сметката.

**11. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ**

1. Банката во согласност со важечките законски прописи се обврзува да обезбеди тајност и да ги чува податоците за работењето со сметката.
2. Податоците за работењето со сметката може да се доставaт само на имателот на сметката, на овластен орган во согласност со закон или на трети лица врз основа на согласност на имателот на сметката.
3. Банката и имателот се должни како доверливи да ги чуваат сите податоци и информации за кои е дојдено до сознание во текот на работењето/водењето на сметката.
4. Заради заштита на своите интереси, имателот на сметката е должен како строгодоверливи да ги заштити и да ги чува сите податоци поврзани со работењето со сметката.
5. Банката не одговара за каква било штета која може да настане за имателот на сметката како резултат на непочитување на обврските од претходните ставови.
6. Банката ќе обезбеди заштита на личните податоци за имателот - законскиот застапник и овластените Лица во согласност со законската регулатива и интерните акти на Банката за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци. Личните податоци ќе се обработуваат само за потребите на работењето со сметката, врз основа на согласност на субјектите на личните податоци и во случај и на начин предвиден со закон или друг пропис.

**12. ДРУГИ ОДРЕДБИ**

1. Банката може во согласност со важечките правни прописи, упатствата и одлуките донесени врз нивна основа и со својата политика да ги менува Општите услови, за што имателот на сметката мора да го запознае во согласност со вообичаениот начин на комуницирање или на еден од следните начини :со објавување на информацијата на изводот на неговата сметка, со објавување на интернет-страницата на Банката, на видно место во експозитурите (филијалите) и сл.
2. Текстот на изменетите Општи услови Банката ќе ги објави на интернет-страницата на ТТК Банка АД Скопје и истиот ***ќе биде достапен во сите експозитури и филијали на Банката и може да се подигне на барање на имателот***.
3. Ако имателот на сметката не се согласува со измената на Општите услови, тој може да поднесе писмен приговор или да поднесе барање за раскинување на договорот и да бара затворање на сметката, во спротивно се смета дека се согласува со предложените измени и тие стануваат составен дел на договорот. Ако Банката не го прими барањето за раскинување на договорот во рок од 15 дена по завршување на месецот во кој е објавена информацијата, се смета дека имателот на сметката се согласува со променетите Општи услови и истите стануваат составен дел на Договорот.
4. Банката не одговара за прекин на услугите поврзани со извршување на платниот промет во земјата и со странство и за последиците од настанатиот прекин, кој е надвор од контрола на Банката, односно кој е последица на виша сила и околности кои не можеле да бидат предвидени, спречени, отстранети или избегнати од страна на Банката.
5. Доколку настанат промени во законските прописи што го регулираат работењето со сметката, Банката ќе ги примени новите законски прописи и одредбите што ќе влезат во сила во времето на важењето на договорот за отворање трансакциска сметка. Доколку таквите промени не одговараат на интересите на Имателот на сметката, тој има право да го раскине овој договор во рок од 15 дена од настанувањето на промената.
6. За сè што не е наведено во овие услови ќе се применуваат позитивните прописи кои ја уредуваат оваа област.
7. Овие Општи услови се составен дел од договорот за отворање и водење на сметката и важат од **01.05.2016 г.**